Предлог

# Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за деталната содржина на потврдата на овластениот актуар

## Член 1

(1) Во Правилникот за деталната содржина на потврдата на овластениот актуар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2014), по ставот (1) од член 6 се додава нов став (2) со следниов текст:

„(2) Актуарот е должен да даде детален опис на применетата методологија за процена на одложените трошоци за стекнување. Тој исто така треба да даде мислење за адекватноста, и тоа дали методите за процена на одложените трошоци за стекнување соодветствуваат со методите за проценка на бруто резервите за преносни премии.

(2) Ставовите (2), (3), (4), (5) и (6) стануваат ставови (3), (4), (5), (6) и (7) соодветно.

## Член 2

(1) Во Прилогот кон Правилникот за деталната содржина на потврдата на овластениот актуар, по точка 6.1.1. Дополнителна резерва за неистечени ризици, се додава нова точка 6.1.2. Одложени трошоци за стекнување, со следниов текст:

„(да се даде образложение за сметководствените политики на друштвото во однос на издвојувањето на одложените трошоци за стекнување)

(да се даде образложение за применетите методи, релевантни претпоставки и нивото на сегментација на портфолиото при проценка на одложените трошоци за стекнување)

(да се опишат разликите меѓу методите и претпоставките кои се користат за процена на резервата за преносни премии и методите и претпоставките кои се користат за процена на одложените трошоци за стекнување, доколку такви разлики постојат)“

(2) Во точката 7.1. Реосигурување, зборовите „*Коефициентот за штета со ефект на реосигурување се пресметува согласно формулата за годишниот коефициент на штета дадена во точка 3.1. од Прилогот кон Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви, со тоа што соодветно треба да биде земена предвид и дополнителната резерва за неистечени ризици.* “ се менуваат со зборовите „*Коефициентите на штета претставуваат релативни показатели за техничкото работење на Друштвото.* “.

## Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија” а ќе започне да се применува при изготвување на квартални финансиски извештаи за периодот кој завршува на 30.6.2016 година.

Предлог